# ПРЕСПА

Читајќи ме, јас сум ваша, а вие сте мои...

**ВЕСНИК НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА**

ГОДИНА XIV | БРОЈ 74 | ПУСТЕЦ - АЛБАНИЈА | ЈУЛИ / АВГУСТ 2012 ГОД.

*ПРОСЛАВЕН ГОЛЕМИОТ МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН ПРАЗНИК*




# Во Голо Брдо се veeja илинденските знамиња

ЕФТИМ МИТРЕВСКИ
ГЛАВЕН УРЕДНИК НА ВЕСНИКОТ ПРЕСПА

*За жал, прв пат по цели десет години во Пустец немаше достојно одбележување на пационланиот празник, а не се одржа ниту верско одбележување на празникот Свети Илија*

Македонците во областа на Голо Брдо пред три години почнаа да го слават големиот македонски празник Илинден. Сè помасовно во убавата природа на селото Требиште и годинава се собраа Македонците од соседните села и сите печалбари за да му дадат поголемо значење. Благодарение на претставниците на Македонската заедница предводена од господин Едмонд Османи бројката на присутни изнесуваше над 1.500 Македонци.

Се собраа сите заедно на едно место по трет пат да потврдат и да докажат во јавноста дека Илинден веќе стана традиционален празник за славење и оддавање почит на нашата матична држава - Република Македонија.

-Големиот број присутни ни дава до знаење дека претставници на Македонската заедница од овој дел се активни и присутни меѓу Македонците. Славењето на празникот веќе стана традиција кај Македонците во овој дел на Албанија- рече Едмонд Османи, и додаде дека во иднина на ваков традиционален собир ќе треба да ја негуваме нашата култура, обичаи и историја.

Пред три години, благодарение на тесната соработка на претставниците на Македонската заедница од овој регион со заменик-министерот за надворешни работи гоподин Зоран Петров и претставниците од секторот за национални приоритети г-дин Стево Симски покажаа посебна грижа за овие Македонци, за изучувањето на македонскиот јазик и упорноста изучувањето на македонскиот јазик да се внесе во државната програма.

Но круна на сето ова е и посетата што минатата година ја оствари премиерот на Република Македонија Никола Груевски во овој заборавен крај.

Македонците сфатија дека не се заборавени.

(Продолжува на стр.2)

**Лидер кој носеше мудри одлуки** стр. 3



**Македонија-јадро на духовните пронеси** стр. 4



**Ни треба пријателски однос со средината** стр. 5



**Само заедно ќе ги оствариме целите** стр. 6-7

*ПРИЗНАНИЕ*



## Д-р Славко Кристо Калфа почесен граѓанин на Билиште

Советот на Општина Билиште на 30 јули 2012 година едногласно на Докторот по радиологија г-дин Славко Кристо Калфа му додели призание почесен граѓанин на Општина Билиште. Признанието го доби како резултет на посветеност, хуманост што ја има покажано во изминатиов период.

Во својот говор Докторот по радиологија Г-дин Славко Кристо Калфа рече: „признанието не е само за мене туку и за Мекедонците од село Врбник“.

Редакцијата на весникот „Преспа“ на Д-р Калфа искрено му честита за ова високо и угледно признание.

*ПРОСЛАВЕН ГОЛЕМИОТ МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН ПРАЗНИК*

# Во Голо Брдо се веејa илинденските знамиња

(Продолжува од стр.1)

Секој Македонец од овој крај ќе ти каже дека во овој дел ќе беше доволно да се инвестира минимален неспоредлив труд за разлика од она што е инвестирано во Преспа и резултатите ќе беа далеку повидиливи.

За жал после десет последователни години одбележани со одржување на фолклорни манифестации и низа други настани посветени токму на овој ден оваа година славањето на Илинден во Преспа изостана. На ден Илинден во делот на Преспа беше пусто, без никакви активности организирани од Општината или од Македонска партија, ниту црковните одбори не презедоа некаква верска активност да му дадат значење на големиот македонски празник Илинден. За жал од година во година се што беше традиционално изградено за славање и одбележување сè се избриша сè се исфрли. Нема фолклорни фестивали нема слевење и одбележување на македонски презници и историски датуми.

Редакција на весникот Преспа како единствен весник на македонски јазик во Албанија апелира до Претседтелот на Македонска Алијанса за Европска Интеграција, до Претседателот на Комуната Преспа и му порачува дека македонските работи не се комунални работи, дека македонските работи не се проект од типот пола јас пола ти, дека македонките работи не се совет на општинари од типот кој дојде-дојде.

Ве молиме господа сфатете еднаш и засекогаш македонските работи се деликатни и чувствителни. Нив сега најпотребно им е поддршка, заштита и работа.



Комерцијална банка - СТОЛБ НА УСПЕХОТ



комерцијална банка
ад скопје

55 години ВО ЧЕКОР СО ВАШИТЕ ПОТРЕБИ

www.kb.com.mk контакт центар: (02) 3 296 800

*ОМАЖ ЗА ПОКОЈНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ КИРО ГЛИГОРОВ*

# Лидер кој носеше мудри одлуки

СПАСЕ МАЗЕНКОВСКИ

*Како претседател на општествено-политичката организација "Друштво Преспа", имав среќа и чест да учествувам, на средби, на разни разговори, на донесувањето на усни и писмени договори со кои се обврзуваше за помош Владата на Р. Македонија за македонскиот народ во Албанија. На сите тие средби претседателот Глигоров нѐ сослушуваше со трпение и со насмевка на лицето или со насолзени очи, особено кога слушаше за тешкиот живот на Македонците во Албанија, ги повикуваше неговите соработници и ќе имречеше: "...Запишете и потпишете тоа што ќе ви каже и ќе побара Спасе за да се решат тие проблеми, доколку е можно и ако се може!..."*

Историјата на македонскиот народ е преполнеа со легенди и кажувања за бурните настани, за историските пресвртници на македонскиот народ, за легендарни личности кои биле на чело на Македонија и на македонскиот народ и ги носеле големите одлуки за Македонија и понекогаш за регионот околу неа и пошироко.

Воопшто гледано, македонскиот народ е горд на својата историја и на своите личности кои биле синови што ја кроеле неговата судбина низ вековите. Некои од тие македонски синови, тие херои, тие легенди, тие наддимензионални човечки и раководни личности кои во одредени периоди и околности носеле одлуки во регионот и пошироко, стојат на врвот на гордоста на македонскиот народ и токму затоа тие се освојуваат и се прикажуваат како нивни од државите и народите околу Македонија и пошироко. Главниот пример на тој правец е недостижниот во сите полиња на животот, легендарниот македонски син Александар Македонски, Александар Велики, Големиот Александар...

Но, за жал, историјата на македонскиот народ е преполна и со предавници, со неранимајковци, како што вели нашиот народ, кои биле на чело на Македонија и ги продавале нејзините интереси како трговска роба. За жал, македонската историја е преполна и со кодоши, со шпиони кои за ситни лични интереси се продавале кај македонските непријатели и ги кодошиле македонскиот народ и македонските синови кои храбро и чесно работеле за Македонија. Со такви примери е преполнета старата и поновата историја на Македонија.

Сепак, темата на овој напис е неодамнешната смрт на првиот претседател на Македонија после нејзиното осамостојување, Киро Глигоров, кој македонскиот народ во Албанија го става во редот на оние синови кои работеле, одлучувале и ја воделе Македонија во правец за кој мислеле дека е најдобриот и најефикасниот за Македонија и за македонскиот народ.

Доколку јас нешто не кажев за претседателот Глигоров, ништо не напишев за него, и јас ќе испаднев еден од Македонците неранимајковци токму затоа што јас бев тој кој најповеќе имал контакти и средби со Глигоров за проблемите на македонскиот народ во Албанија, како претседател во првите десет години на првата Македонска Организација "Друштво Преспа„ која ја основавме уште во 1991 година во Албанија.

Со загубата на претседателот Глигоров македонскиот народ во Албанија се огорчи токму затоа што немаше можности да ја искаже неговата почит кон него, преку неговите денешни претставници, така како што направија и кон покојниот претседател Борис Трајковски.

Така ја користам оваа можност, преку овој напис, да истакнам кој беше и каков остана претседателот Глигоров во сеќавањата на македонскиот народ во Албанија.

Македонците во Албанија, во текот на животот, на денот на смрта и после смртта на претседателот Глигоров гласно и со гордост истакнуваат дека тој беше водач кој носеше мудри одлуки во одредени околности за Македонија и за македонскиот народ. Глигоров беше врвна национална македонска личност кој знаеше да ги собере Македонците од соседните држави на Македонија и од дијаспората и преку нивните претставници да дознае за состојбата на Македонците во државите во кои живеат. Тргнувајќи од тие сознанија кои му ги пренесувавме на Глигоров преку средби и разговори, меѓу другото, тој презеде мерки и помогна во овие правци:

- Уште на почетокот на 1992 година го прати на посета во Мала Преспа-под Албанија, првиот премиер на Република Македонија, господинот Никола Кљусес за одбиску да ја согледа состојбата на македонскиот народ на ова подрачје. Таа посета на почитуваниот премиер Кљусев, во тие страшни и претешки времиња за македонскиот народ во Албанија, времиња со големи пресвртници на општеството и целосни неизвесности, беше посета која го охрабри македонскиот народ во Албанија, посета која ја врати надежта за живот кај Македонците, посета која ја охрабри и организацијата "Друштво Преспа„ без никаво колебање и двоумење да оди напред и само напред за доброто на македонскиот народ, токму затоа што главната поддршка ќе му беше нејзината матична држава, ќе му беше Република Македонија и претседателот Глигоров.

И така се случи. Веднаш после посетата на премиерот Кљусев на Мала Преспа, од матичната држава и од Македонците во странство почнаа да доаѓаат првите контигенти помош во храна и облека за Македонците во Албанија. Потоа македонската Влада му подари два нови трактори за Преспа и Голо Брдо, за потребите на македонскиот народ во тие подрачја.

Со текот на времето, грижата на претседателот Глигоров и на Владата на Македонија се прошири и во другите правци на животот на Македонците во Албанија. Така што, јас како претседател на општествено-политичката организација "Друштво Преспа„, имав среќа и чест да учествувам, на средби, на разни разговори, на донесувањето на усни и писмени договори со кои се обврзуваше за помош Владата на Р. Македонија за македонскиот народ во Албанија. На сите тие средби претседателот Глигоров не сослушуваше со трпение и со насмевка на лицето или со насолзени очи, особено кога слушаше за тешкиот живот на Македонците во Албанија, ги повикуваше неговите соработници и ќе им речеше: "...Запишете и потпишете тоа што ќе ви каже и ќе побара Спасе за да се решат тие проблеми, доколку е можно и ако се може!...„

И токму под грижа на претседателот Глигоров се постигна:

- Секоја година да се примаат одреден број на средношколци и студенти како стипендисти на Р. Македонија, на разни училишта и универзитети во Македонија.

- Почнаа да се лекуваат болните Македонци од Албанија бесплатно по болниците во Македонија, особено оние со најтешки болести.

- Македонците од Албанија почнаа да се вклучуваат во културниот живот во Македонија, на разноразни фестивали, на спортски манифестации, дури и со учество на Струшките вечери на поезијата, на тој културен настан со меѓународни димензии на кој, за жал, веќе се заборави на поетите Македонци од делот под Албанија.

За Македонците од Албанија, на разноразни начини, му се овозможуваше привремено вработување во Македонија за тие да можат да заработат нешто за опстанок.

Овие и ред други мерки и одлуки, донесени под грижа на претседателот Глигоров за македонскиот народ под Албанија се крунисаа со тие мерки и леснотии кога, во најстрашниот период за Македонците во Албанија и за целиот албански народ, во 1997 година, кога владееше насекаде терор во Албанија, со претседателот Глигоров се договоривме сите наши деца, сите стари и онемоштени лица, сите да преминат на територијата на Р. Македонија и да се згрижат таму, доколку тоа го наложеше тешката ситуација во македонските подрача. Е сега, иако не дојде до тоа, сепак се покажува големината на личноста на Глигоров, се покажува грижата и мудроста на претседателот Глигоров за да помогне во решавањето на проблемите кои го мачеле македонскиот народ во Албанија. За сѐ што споменавме погоре и за ред други добрини кои Македонците во Албанија ги имале од страна на претседателот Глигоров, тие го сакале и го почитувале претседателот, тие ќе го скаат и ќе спомнуваат Глигоров како една од врвните личности на Македонија, како еден од најмилите синови на Македонија која ќе живее вечно во македонската историја. Токму затоа и јас не можев да седам рамнодушен и да не напишев неколку редови во весникот „Преспа" за претседателот Глигоров, весник кој тој ми „нареди„ лично да му го однесам, да го прелиста, да го прочита, да се насмее или да се замисли, да ме тапне по рамото и да ми рече: "...Браво!... Продолжете само така!...„

Тоа ми го велеше ти Претседателе! Тоа правевте ти и македонската Влада за нас Македонците во Албанија! Тоа прави и денес македонската Влада за нас. Но, дали го правиме тоа што треба ние, Македонците од Албанија, за нашата татковина, за нашата матична држава Македонија?... Е, тоа не го знам!... Јас знам само да ти речам во мое име и во името на македонскиот народ во Албанија: Почивај во мир Претседеателе Глигоров! Почивај во твојата и во нашата слободна земја Македонија! Во нашите сеќавања, во сеќавањата на македонскиот народ во Албанија ќе останеш како една од најсаканите личности, како претсдеател на Македонија и на македонскиот народ каде и да биде, каде и да живее! Македонија била и ќе биде, пoштом и ти му го посвети твојот живот на НЕА!...



*ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ НА СВЕТИТЕ БРАЌА КИРИЛ И МЕТОДИЈ*

# Македонија - јадро на духовните пронеси

ГЕОРГИ РАДУЛОВ

Непосредната опасност од зајакнатата бугарска држава го принудила византискиот двор на активна политика за придобивање на словенската елита преку доделување привилегии, што вклучувало и нивно назначување за управници (архонти) во одделни склавинии. Воведувањето на христијанството меѓу Словените претставувало интегрален дел од византиската политичка стратегија. Ваквиот тренд ги предодредил византиските воено-дипломатски мисии во Македонија, чијашто реализација им била доверена на солунските браќа Константин-Кирил и Методиј. Константин и Методиј биле родум од Солун и произлегувале од угледно семејство. Нивниот татко Лав бил воен функционер и мајката Марија исто била од влијателно семејство. Познавањето на словенскиот јазик од браќата Кирил и Методиј, посведочено лично од императорот Михаил Трети во Методиевото панонско житие, како и прифаќањето на нивната управителна дејност од страна на Словените, упатува на нивното Словенско потекло. Во тој контекст, мошне апликативно е сведоштвото на Јован Каменијат, кој во почетокот на Ц век го идентификува својот роден град Солун како "прв град на Македонците„.

Константин бил роден во 827 година, додека Методиј како постар брат, веројатно е роден на 825 година. Високите позиции на нивниот татко им ја обезбедиле наобразбата на Константин и на Методиј во престижни училишта во Солун. Методиј на 20-годишна возраст бил поставен од Византија за "Кнез на Словените„ со задача да управува со "словенско кнежевство„. Кнежевството на Методиј било концентрирано во струмичко-брегалничките краишта. Потоа Методиј пристапил кон преведување и составување кодекс, познат како Закон за судењето на луѓето, со кои примарно се регулирале воените прашања. Законот бил напишан на словенски јазик и се објавува помеѓу првите дела на словенската литература.



*Константин-Кирил и Методиј и создавањето на словенската азбука во Македонија*

На самиот почеток на ИЦ век, византискиот двор, во Македонија го испратил и Константин на 20-годишна возраст. Тој ја имал завршено Магнаурската школа, под менторство на најпознатите филозофи од тоа време-Лав Филозоф и Фотиј, по што наскоро бил промовиран и професор по филозофија.

Неколкугодишната мисионерска дејност Константин ја фокусирал на Словените по текот на реката Брегалница. Крајниот исход од Константиновата дејност била создавањето на словенската азбука (855 година). Константин-Кирил составил и повеќе книги на словенски јазик, а во христијанската вера вовел голем број на Словени, некаде над 54.000 луѓе. Откриените локалитети кај Крупиште ја аргументираат мисијата на Константин во Брегалничкиот регион, што резултирало со креирањето на првиот словенски литературен јазик на почвата на Македонија.

Во текот на наредните години Константин и Методиј се посветиле на усовршувањето на словенската азбука и на преведувањето книги на словенски јазик на планината Олимп.

Мисионерскиот потенцијал на браќата Кирил и Методиј бил користен од византиската дипломатија. Клучната мисионерска дејност браќата Константин и Методиј ја реализирале во словенското кнежевство Моравија, почнувајќи од 863 година, претходно дополнувајќи ја и прилагодувајќи ја за потребите на Моравците создадената азбука во Македонија.

Користејќи го интересот на Римското папство, кое претендирало да востанови свој духовен авторитет меѓу словенскиот свет, Константин и Методиј во Рим во 867 година издејствувале јавна службена света литургија на словенски јазик. Со тоа словенската богослужба добила и официјално признание, а словенскиот јазик бил вброен меѓу еднаквите по ранг јазици. Во меѓувреме, Константин-Кирил се разболел и во февруари 869 година во Рим го завршил својот живот. Потоа, сè до смртта во Моравија (885 година), Методиј пожртвувано работел на развојот на црковниот систем и на воведувањето на словенска богослужба.

Размерот на Кирило-Методиевата мисија во Моравија, која резултирала со поширока афирмација на словенскиот јазик во Европа, не се совпаѓал со првично утврдените цели на Византија. Дотолку повеќе што тоа создало основа за креирање на посебна политичка култура на словенската елита, што не било византиска интенција. Тоа непосредно дошло до израз во Македонија, каде што Кирило-Методиевото наследство се инкорпорирало во дејноста на нивните врвни ученици Климент и Наум, кои во текот на последните децении од ИЦ век и во почетокот на Ц век развиле опсежна, духовна и културно-просветителска дејност во родната земја.

*„МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ" ПОВТОРНО НА ДНЕВЕН РЕД*

# Офанзива за името

*За жал, Грција не е осамена во негирањето на името на државата, на јазикот, на нацијата*

РИСТО НИКОВСКИ

Силен е впечатокот дека сè уште не сме свесни што ни се случува. Внатрешните политички поделби, толку карактеристични (и судбински) за Македонците, нè блокираат до степен да не ги сфаќаме игрите кои се водат со и околу нашава земја. И ако индикаторите и фактите недвосмислено покажуваат дека, после распадот на СФРЈ, во процес е сериозен обид, еднаш засекогаш, да се затвори "македонското прашање„, ние тоа не го забележуваме. Настаните низ кои врвиме последниве 20 години потврдуваат не само за Грција, туку и за клучни меѓународни фактори, Македонија и нејзиниот народ беа прифатливи само како дел од федерација. Не како засебна, целосно независна држава. Друго логично објаснување за сè што ни се случи-нема.

Да одиме по ред.

Кај нас се уште се смета дека нашиот противник е Грција. Дека таа ни го оспорува името, народот, јазикот... Дека од таму дојдоа и блокадата на приемот во НАТО, и почетокот на преговорите со ЕУ, и уцените прво да се промени (реши) името а после да продолжи интеграцијата. Тоа е само начелно точно. Формално, Атина го отвори проблемот и стои како заинтересирана страна зад него. Таа сама, единствено ни ја блокираше границата, нанесувајќи ж огромни штети на економијата. Сè друго против нашата држава спроведуваа други, многу посилни фактори. Не е воопшто спорно дека Атина има проблем со постоењето на македонски народ, јазик... Имаме премногу документи за тоа. Тие еден век ги учеле и ги воспитувале сите свои генерации дека нас нж нема.

Сепак, грчките фрустрации не треба да се нашиот главен проблем. Клучно за нас е што Атина не е единствена што има проблем со постоењето на Македонците како издвоена нација. Бугарија да ја оставиме на страна. Беспоговорната поддршка која Атина ја добива потврдува дека зад проблемот стојат и други, позначајни интереси. Годините на целосно независна Македонија недвосмислено покажуваат дека САД, поддржани од ЕУ (Франција, Германија...) не само што стојат зад грчката политика туку се носители на истата.

Не треба посебно да се докажува дека токму Вашинтон го менаџира овој процес, кој се сведува на програмирано разнебитување на македонскиот народ. Гледано наназад, не треба голема мудрост за да се забележи дека има сериозни, недискутабилни индикации дека во прашање е добро разработено, долгорочно сценарио кое се прилагодува на ситуацијата, со желба да се постигне можниот максимум. Аргументите се пресилни да се игнорираат.

Наша задача е да ги увериме Брисел и Вашингтон, дека решавањето на проблемот мора да се одложи поради кризата во Грција и дека мора да се бара премостување на блокадите и уцените на кои сме изложени. Само преку една ваква офанзива можеме да отвориме излез од сегашниот ќорсокак во кој сме доведени. Во спротивно, лошо ни се пишува.

***(Превземено со скратувања од билтенот „Македонски академски клуб")***



*ДВОДНЕВЕН СЕМИНАР ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕСПА*



# Конечно нешто се придвижи

СПАСЕ МАЗЕНКОВСКИ

Во просториите на еден прекрасен објект, изграден последните години покрај брегот на Преспанското Езеро во селото Пустец, последната седница на месец мај се одржа дводневен семинар посветен на развојот на Преспа-Паркот, како една од главните гранки за севкупниот развој на подрачјето на Преспа под Албанија.

Семинарот се одржуваше под покровителство на германска фондација, која уште пред една година, се занимава со севкупно помагање и менаџирање на работите на Преспа-Паркот. На семинарот учествуваа над 50 учесници од подрачјето на Преспа како претставници на менаџерскиот тим на Преспа-Паркот како и на разни организации и друштва кои се занимаваат со проблеми од подрачјето на туризмот и со мерките кои ги превземаат за заштита и развој на еколошки чиста и здрава средина, како основна потреба за развојот на туризмот и за еден здрав живот за жителите на подрачјето. Иако семинарот беше од затворен карактер, сепак за нашиот весник, од разни учесници на семинарот дознавме повеќе за одвивањето на работите на семинарот, за досегашните констатации на реалната состојба во подрачјето на Преспа како и во Преспа-Паркот, како нејзин дел, како и за мерките кои треба да се превземат во иднина за подобрување на состојбата за понатамошен развој на флората и фауната на Преспа-Паркот, како и на целата територија на преспанското подрачје.

Иако досега повеќе пати се одржувани слични средби организирани од Преспа-Паркот, како и од други локални и централни друштва и фондации, сепак, овој пат ние, како и сите жители на подрачјето на Преспа, навистина очекуваме нешто подобро, очигледно да се случи и развој на севкупниот живот на подрачјето на Преспа.

Како поконкретни работи од учесниците на семинарот се истакна дека ќе превземат мерки за забрана на сечењето на горите и планините без никакви критериуми, ќе се снабди дел од населението со посебни шпорети за затоплување на куќите со помалку трошење на огревно дрво, ќе преземаат ригорозни мерки, врз база на посебни закони, за заштита и развој на сите видови на животни, птици кои ги има по горите и планините, како и видовите на риби и птици и во езерските води на Преспанското Езеро. Ќе се влијае на други фондации кои имаат финансиски можности за понатамошно подобрување на инфраструктурата на Преспа, како главен предуслов за развој на животот со правец кон туризмот.

Како и да е, сепак нешто се движи, нешто се случува и тоа влева надеж кај жителите на Преспа дека ги очекува една подобра иднина.

*Како поконкретни работи од учесниците на семинарот се истакна дека ќе преземат мерки за забрана на сечењето на горите и планините без никакви критериуми, ќе се снабди дел од населението со посебни шпорети за затоплување на куќите со помалку трошење огревно дрво, ќе преземаат ригорозни мерки, врз база на посебни закони, за заштита и развој на сите видови животни во регионот на Преспанско Езеро*

*МНОГУКРАТНО ЗГОЛЕМЕНО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ПРЕСПА*

# Ни треба пријателски однос со средината

Драги читатели,

Подолу пренесуваме дел од еден научен материјал подготвен од специјалистот Цветко Китани, бидејќи мислиме дека општеството во Мала Преспа треба подобро да се запознае со проблемите со кои се соочува неговата средина:

„...Темата е поврзана со средината на екосистемот на Националниот и Меѓународниот Парк-Преспа, како и со целата територија на подрачјето на Преспа. Со овој материјал сакаме да третираме како да се аплицира за спроведување на основните пријателски односи помеѓу човекот и природата, имајќи предвид дека природната средина е единствена каде живее човекот и целиот друг свет на животни и растенија.

Имајќи предвид дека подрачјето на Преспа е со високи вредности: еколошки, турстички и ендемски, имаме за цел да докажеме дека повеќе видови на овој природен свет е во процес на целосно уништување, нешто кое ќе остави длабоки непоправливи траги за денешниот живот на човекот, како и за идните наши поколенија.

Бидејќи подрачјето на Преспа има непроценливи вредности кои природата му ги подарила, затоа ова подрачје со години наназад е прогласено, со посебни закони на државата, како туристички регион, како Национален и Меѓународен Преспа-Парк. Оттука, и од самата потреба за развој на животот на населението во подрачјето излегува голема потреба за една поголема работа со населенито на Преспа, од страна на државните органи, еколошките друштва и организации кои дејствуваат во регионот, со цел да се подигне свеста на населението за тоа

*Тргнувајќи од реалната состојба на животната средина на подрачјето на Преспа, меѓу другото, потребно е да се работи на освестување на населението со цел што помалку да се употребуваат детергентите, хемиските ѓубрива, како и другите загадувачи на околината и да се работи и со учениците во сите училишта во Преспа, како и да се донесат построги закони за животната средина*

да се однесува на пријателски начин со средината во која живее и на нејзе да гледа како на единствен фактор кој му овозможува еден добар и вечен живот.

Но, за жал, некои податоци покажуваат една поинаква слика, покажуваат една недоволна грижа на човекот кон средината. Токму затоа и се забележуваат некои лоши и грди работи кои го вознемируваат населението во Преспа. Така да има случаи кога се ловат риби со експлозивни средства и во периодот на нивно мрестење. Токму тие појави придонесуваат за драстично да се намали рибниот фонд во Преспанското Езеро и да се загрозат до целосно уништување на некои видови риби како што се: крапот, мренката, скобустот, кленот и др.

Има појави на нерегуларно и без никакви критериуми на ловење на дивечот по горите и планините од нелегални ловци. Тоа доведе до тоа што денес не може да се сретнат по шумите на Преспа неколку животни и птици кои некогаш биле симбол и гордост на ова подрачје, а да не зборуваме и за тоа што служеле и како добар извор на храна за човекот, доколку се ловело според правилата. Друга лоша појава е и таа што и шумите во подрачјето на Преспа се сечат не според поставените правила и критериуми за користење на планините, иако еден добар дела на површините со шуми се под сопственост на општината. Исто така, загрижувачки е и фактот што од страна на населението во Преспа се употребуват повеќе детергенти и други загадувачки средства кои влијаат на загадувањето на средината и на рушењето на природниот поставен биланс помеѓу човекот и природата. Така што, еве еден дел од тие податоци:

**РУШЕЊЕ НА ПРИРОДНИОТ БАЛАНС ПОМЕЃУ ЧОВЕКОТ И ПРИРОДАТА**

| | 1990 година | 2011 година |
|---|---|---|
| Употребени пестициди | 0,5-0,8 (тони) | 1,5-1,6 (тони) |
| Хемиски ѓубрива | 80-100 (тони) | 180-200 (тони) |
| Детергенти | 0,3 (тони) | 0,8-1 (тони) |

Погорните податоци се обезбедени на оперативен начин од страна на центрите за преработка и нивното пласирање во подрачјето на Преспа. Само од овие податоци се забележува дека е удвоен и повеќе пораснат степенот на загадување на животната средина и тоа придонесува во рушењето на хабитатите во кои живее еден голем број животни кои денес се во опасност од исчезнување. Тргнувајќи од реалната состојба на животната средина на подрачјето на Преспа, меѓу другото, потребно е:

Да се работи на освестување на населението со цел што помалку да се употребуваат детергентите, хемиските ѓубрива, како и другите загадувачи на околината. Да се работи и со учениците во сите училишта во Преспа. Повеќе да се строги законите за животната средина. Тие да се спроведуваат ригорозно од надлежните органи и секој да одговара законски доколку ги крши законите за животната средина. Да се дигне на повисоко ниво улогата на работата на разно-разните еколошки друштва кои дејтвуваат во Преспа.

Да се превземат повеќе акции од страна на училиштата, еколошките друштва и др. во правец на сензибилизирање на човечката свест во подрачјето, со цел да се штити и да се развива сѐ што ни подарува природата. Сао така ќе обезбедиме основа за еден здрав и подобар живот во нашата Преспа.

*МЕЃУ МИНАТОТО, СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА*

# Само заедно ќе ги оствариме целите

ДИМИТАР ГРОЗДАНИ

*А што прават Грците и Бугарите? Грците, кои сакаат да ни станат „кумови“, на многу наши луѓе од Врбник или Билиште им даваат пензии од 340 евра месечно. Од друга страна, Бугарите даваат бугарско државјанство и стипендии за студирање во Бугарија, проследени со голема пропагандна кампања од новинари кои доаѓаат во нашето село и „ја откриваат Бугарија“. Да се помни минатото, да се живее за сегашноста и да се верува во иднината*

Во ова излагање ќе се потрудиме да донесеме некои податоци за состојбата на македонското малцинство кое живее во Република Албанија, особено за едно заборавено село кое се наоѓа на границата меѓу Албанија и Грција. Тоа село се вика Врбник, кое порано припаѓаше на Костурската област во Егејска Македонија, а по 1924 година на Корчанската област во Р. Албанија.

Маченици има во секој дел на Македонија, во секоја област, во секој град и село, па дури и во секое семејство. Да се говори за почитување на личните и колективните права на Македонците во немирно време, каков што е периодот по Балканските и Светските војни, е многу тешко. Трагедијата на нашето село има свој категоризиран систем на вредности, свој морал, свои едукативни принципи што се одржале до денес. За жал, може да кажеме дека за многу настани во село Врбник не постојат пишани документи, или пак многу тешко може да се дојде до нив од грчките архиви на градовите Лерин или Костур. Да не зборуваме за архивите на Македонија. Токму затоа водевме разговори со многу стари луѓе да дојдеме до податоци за бурните настани во нашето село што е дел од вкупната историја на македонскиот народ. Опишувајќи ги тие настани на нашето село, тие ќе можат да им послужат на младите генерации да го зачуваат својот македонски идентитет.

Скромен придонес во борбите за слобода и човекови права на македонскиот народ дадоа и селаните на нашето село. Така на пример, на 28 март 1902 година четата на костурскиот војвода Иван Попов, чиј гостин му бил Борис Сарафов, на планините источно од малото Преспанско Езеро, била предадена и опколена од турскиот аскер. На помош му дошле селските чети на село Врбник и село Вжмбел. Врбничката чета со 20 четници, на чело со војводата Нако Грозданов, ги нападнале Турците од зад грб. Со тоа им се овозможило на четите на Иван Попов и Борис Сарафов да се повлечат. За овие настани, во својата книга „Спомени“, пишува Иван Попов на стр. 16. Се говори дека оваа битка, од селската чета на Врбник загина еден четник а двајца биле ранети. За нас овие имиња се непознати.

Колку дознавме, за време на Илинденското востание и по него (до 1924 год.) во село Врбник, заедно со селката чета, имало 4 војводи и 32 комити (четници). Еден од нив, војводата Лазе Палчев, заедно со комитата Ињо Фиљо, биле предадени и опколени во една шума, а потоа запалени и изгорени од Турците.

Во пост-илинденскиот период, како и во многу други села во Македонија, Во Врбник биле убиени 6 мажи и една баба. 12 куќи биле изгорени, а од селото се иселиле 4 семејства (во Пловдив, Бугарија).

Во првите години на 20-иот век се водела борба за придобивање позиции во душите на луѓето за распространување на Православната вера помеѓу грчката Патријаршија и бугарската Егзархија. Во селата Врбник, Вжмбел и Смрдеж се смениле грчките со бугарски учители. Од друга страна, попот во селото останал под влијание на грчката црква. Како последица на овие настани, во селото Врбник била поставена учителката Тодорка од Прилеп. Оваа млада девојка имала завршено средно образование во Бугарија, односно била испратена од бугарската Егзархија. Во почетокот селаните се радувале дека децата ќе почнат да учат на македонски јазик. Но, се испоставило дека учителката работела според директиви од Егзархијата. Две до три семејства од селото паднале под нејзино влијание и себеси се нарекувале Бугари. Тоа предизвикало голем отпор во селото. Селото се поделило на три страни: на едната стоел попот, со 2-3 куќи под грчко влијание (гркомани), од друга страна учителката со 2-3 семејства под бугарско влијание (бугарофили), а на третата страна било мнозинското македонско население во селото кое тогаш броело околу 65 куќи (семејства).



Луѓето кои претрпеле загуби за време и по Востанието, давајќи жртви и со загубени домови, не им било сеедно. Тие веле: „Ние сме се бореле и се бориме за Македонија, а не за Бугарија или за Грција. Каде е таа таканаречена „Мајка Бугарија“ да ни помогне или да не ослободи од Турците или од Грците. Ние не сме ни Грци ни Бугари. Ние сме Македонци, и така ќе останиме до последниот здив“.

Букурешкиот Договор (1913) Македонија ја подели главно на три дела, а селото Врбник единствено го оддели од телото на матицата и тоа припадна на Албанија. Туак, наставата продолжува да се одвива на грчки јазик, а во црквата да се проповеда исто така на грчки јазик, сѐ до 1924 година. Кога се поставени границите помеѓу Грција и Албанија. Во овој период не може да стане збор за било какви човекови права или слободи, бидејќи во целост владеел грчкиот геноцид кон селото Врбник и другите околни села. Главната метода на грчкиот геноцид бил терор преку денационализација и асимилација на македонското население во овој крај. Така на пример, во март 1918 година, грчките андарти на чело со „капиданот“ Лаки Дељо од село Врбник, на сред патот помеѓу Билишта и Врбник, убиле три невини млади луѓе: Пандо Фиљо (32), Гаќо Ќирко (30) и Тошо Петровски (25). Единствената причина беше што таткото на Тошо, Митре Петровски, селски коџобашија, не ги сакал Грците во селото, се карал со селскиот поп (гркоман) и ги пречекувал само комитите и членовите на Комитетот (на ВМРО).

Во тоа време луѓето живееле во голем страв и несигурност поради големата репресија од страна на државните органи и паравоените организации. Бандите на Филипос Драгумис од с. Богатско (Костурско), Павло Мелас и Лаки Дељо, одејќи од село до село, ги ограбувале и тепале сите оние кои не се кажувале Грци. Грчкиот терор бил придружен со ужасна ксенофобија и културен геноцид. Не беше дозволено да се говори на македонски јазик, беше забрането да се пеат песните и играат македонските ора на свадби или на празници. Грчките учители во селото, не само што ја изведуваа наставата на грчки јазик, туку се трудеа да го сменат и идентитетот на селаните, односно да ги направат Грци. Во немир беа и покојните: беа кршени спомениците со македонско писмо. Немаше никакви изборни права, односно немаше учество во ниедни избори освен за селскиот коџобашија.

Во 1924 година селоти ж припадна на Албанија, а со тоа им се смени државјанството на локалното население. На чело на државата Албанија дојде Ахмет Зогу, кој по 4 години стана цар на Албанците. Во село Врбник, сѐ до 1939 година наставата се одвиваше на албански јазик. Учителите беа Албанци, повеќето од нив и самите неписмени, со 2-3 класа школо. Владееше сиромаштија па затоа населението беше принудено да емигрира, главно во Америка или Канада. Неколку семејства се преселија во Бугарија. Останатите беа принудени да учат занаети како ѕидари, столари и други, зашто со земјоделството немаше никаква шанса да се преживее. Сепак, во ова време, духовниот живот беше слободен. Се одеше во црква и се празнуваа сите верски празници. Народот сам си ги штитеше јазикот, законите, селските обичаи, песните, ората и својот идентитет како Македонци.

По Втората светска војна во Албанија дојде на власт таканаречената „Народна демократија“ или како што се нарекува во денешно време режимот на Енвер Хоџа. Во овој период, населението од нашето село беше признато како македонско малцинство. Во училиштето почна да се учи на мајчин јазик. Во почетокот, тоа беше селскиот учител Димитар Богдани, а потоа дојде учителката Цина Кичева од Битола, која остана во нашето село до 1948 година. Имаше големо подобрување во културниот живот на луѓето. Нашите ора и песни со големо задоволство се слушаа на годишните фестивали кои се организираа во нашата област и пошироко во другите градови на Албанија. Во ова време веќе имаше емиграција. Границите беа затворени, решението за живеење во други места во државата беше ограничено. Населението во селото почна да расте. Во овие околности, нашите селани почнаа да му даваат големо значење на учењето. Младите почнаа да студираат во сите албански факултети. Во 1990 година нашето село броело 130 души со високо образование. Тие учители, економисти, доктори, инженери, финансиери, офицери, агрономи итн., може и денес да се сретнат во сите градови на Албанија. Некои од нив, во мешани бракови, почнаа да се асимилираат во албанската средина, бидејќи нивните деца немаа



можност да го учат македонскиот јазик.

За разлика од добриот културен развој, за време на диктатурата, угасна духовниот живот. Црквата се претвори во магацин и немаше свештеник во селото. Беа забранети сите верски празници, не се празнуваа ни имендените. Се празнуваше само Нова година и другите официјални национални празници. Странските канали на радиото и телевизијата беа забранети, односно не смееше да се слушаат и гледаат од причина „да не потпаднеш под влијание на капиталистичката и ревизионистичката пропаганда“. И покрај тоа, ние Македонците не прекинавме да слушаме Радио Скопје или да ја гледаме Македонската телевизија.

Големиот француски мислител Де Лил Адан пишува: „Никој никогаш немал други права освен оние за кои се изборил и се труди да ги сочува нив“. А Стивенсон пишува: „Во малата наша планета луѓето повеќе не можат да живеат отуѓено“. Ги пишувам овие зборови на великите мудреци зашто сега сакаме да кажеме некој збор за човековите права и слободи во сегашниот период. Сите ние, Македонците во Република Албанија, со нетрпение ги очекуваме демократските промени во земјата. Свесни сме дека во демократијата се живее послободно и многу подобро. Но, уште на почетокот сакаме да кажеме дека сме разочарани од првите години на демократијата. Во овие години, кај нас животот беше несигурен. Така на пример во 1997 година животот го загуби 20-годишниот Сотир Ќирко од куршум од непознат човек и правец. Тие бурни настани поминаа. За нас Македонците во Албанија најголема радост беше отворањето на границите. Со тоа, долгогодишната желба да се види нашата матична земја, се оствари. Големи и разновидни беа нашите чувства и емоции. Добивме можност да се видиме со своите роднини за прв пат по 40 или 50 години, односно ги сретнавме нашите стриковци, вујковци, братучеди итн.

Во почетокот на овој период, ние Македонците во с. Врбник основавме секција на Друштвото „Преспа“ во градот Билиште и бевме ангажирани во сите активности на тоа Друштво. Подоцна, согласно законските прописи, го основавме Друштвото „МЕД“ (Македонско Егејско Друштво). Во 2008 година сите македонски друштва во Албанија основаа своја партија МАЕЈ (Македонска алијанса за европска интеграција). Се разбира преку добро организирани структури на едно малцинство е многу полесно да се дојде до саканата цел да се добијат сите права и слободи кои се опишуваат во меѓународните конвенции. Но, за жал, може да се каже дека нашите структури работат спонатно, без план и разработена стратегија. Сметаме дека тоа е последица од недостиг на искуство и несоодветен избор на раководни кадри.

Нашата цел е сите Македонци кои живеат во Албанија да ги поттикнеме да се чувствуваат и изјаснуваат како Македонци. Ова го кажуваме бидејќи од поодамна, веќе 30-40 години, почнаа да дејствуваат бугарската и грчката пропаганда со истата цел: отуѓување на Македонците. Не може на друг начин да се објасни фактот од последните локални избори во Билиште, од очекуваните гласови, не ги добивме сите. Истото се случи и во Преспа, Корча и на други места. Но ние сме горди што за прв пат добивме еден советник во Советот на градот Билиште и еден советник во Советот на Општина Билиште. А што прават Грците и Бугарите? Грците, кои сакаат да ни станат „кумови“, на многу наши луѓе од Врбник или Билиште им даваат пензии од 340 евра месечно. Од друга страна, Бугарите даваат бугарско државјанство и стипендии за студирање во Бугарија, проследени со голема пропагандна кампања од новинари кои доаѓаат во нашето село и „ја откриваат Бугарија“. Сега, во с. Врбник, поради мал број деца, се затвори училиштето. Ние бараме, не само да се обнови наставата во селото, туку и во Билиште да се организираат курсеви на македонски јазик. Во Билишт има 17 деца кои сакаат да го учат и пишуваат својот мајчин јазик.

Ние Македонците кои живееме во Р. Албанија сме лојални граѓани на државата и не предизвикуваме никакви безбедносни, сигурносни или какви било други инциденти кон државата или албанското општество. Според сите меѓународни Конвенции за човекови права, никој нема право да го оспорува идентитетот на било која група или население. Сега, кај нас во Албанија почната е кампања од одредени новинари, аналитичари и коментатори во правец на оспорување на нашиот македонски идентитет, јазик, потекло и култура. Во весникот „Шекули“ од 06.09.2008 година, меѓу другото, пишува: „На Берлинскиот Конгрес на 14 јуни 1878, Македонија поробена од руско-бугарската армада и беше вратена на Турција“. Подолу пишува: „Во Пиринска Македонија, која се наоѓа во Бугарија, македонскиот јазик го препознаваат како влашки“, за да заврши со:„Југословенските комунисти мислеа дека најдоа конечно решение за ова прашање, создавајќи нација со името Македонци, создавајќи една посебна Република со името Македонија и по распаѓањето на бивша Југославија стана независна држава според одлуката на Бадинтеровата комисија“.

Навистина, овие коментатори добро ја знаат историјата, но намерно ја кријат вистината за да ја нападнат Македонија и македонскиот народ и нас како малцинство. Тие знаат многу добро дека Берлинскиот конгрес, во член 23 од Договорот, на Македонија ж се даде автономија. Со овие луѓе ние не сакаме да спориме, туку ќе им одговориме со мудрите зборови на големиот американски писател Гранд Ален, кој вели:„ Мизантропијата е јалова работа. Ако ги мразите другите, тогаш тие не сакаат да ве видат. Нервозата е заразна болест“.

Во весникот „Панорама“ од 29.09.2011 година еден друг албански коментатор само во првата реченица употребува 38 придавки, односно негативни епитети против Македонија и македонскиот народ.

На овој ксенофоб и циник му одговараме со зборовите на Виктор Иго кој пишува: „Цинизмот е темниот свет, каде најдоброто се гледа најлошо. Циник е човек кој на сите им ги знае вредностите, но не препознава што е вредност“. А Оскар Вајлд вели:„ Цинизмот е последно засолниште на идеалистите“. Ние му порачуваме на овој ксенофоб и циник да си седи кај што мисли дека му е местото и да си ја гледа својата работа.

Но, треба да се каже дека официјалната албанска политика е конструктивна и пријателска. Во центарот на вниманието на македонското малцинство во Албанија е да се потрудиме да воспоставиме мостови на пријателство меѓу нашите две држави. Тоа им го порачуваме и на Албанците кои живета во Р. Македонија.



**За проблемите на Македонците во Албанија беше запознат и претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов**

Во Библијата Јован пишува: „Знајте ја вистината, од неа ќе добиете слобода“. А која е вистинската состојба на македонското малцинство во Албанија: Во две децении демократија имаме постигнато многу. Така, во 1991 година се основа Друштво „Преспа“ и „Братство“. Во 1992 година се основа друштвото „Гора“, следи друштвото „МИР“ во 1993 година, подоцна друштвото „МЕД“ во 2002 година. Во последните години го имаме друштвото „Илинден“ заедно со весникот „Илинден“. Здружените друштва во 2002 година на официјално ја формираа „Заедницата на македонците во Албанија“. Потоа во 2005 година официјално се дозволи да се формира партијата МАЕИ (зошто до тогаш со Устав не беше дозволено формирање на етнички партии). На Првиот Конгрес на МАЕИ во 2008 година се избраа сите надлежни структури на партијата. За нас Македонците голем придонес даде весникот „Преспа“, кој се чита со големо внимание од сите нас. Сметаме дека треба да се каже дека сите избрани надлежни органи на сите структури треба да работат според усвоените програми и со добиениот статус. За жал, од досега избраните лица на чело на Партијата и Друштвата, никој не почитува Статут или програма, односно не работи ниедна Комисија. Не одржуваат собири со народот или членовите на Партијата за да се даде отчет за било кој проблем. Никој не знае каде одат средствата на Партијата дадени од државата или од донаторите, дали одат на вистинското место или се кријат во непознат правец. Нашата состојба е следната: сè имаме, малку работиме и многу малку добиваме. Оваа остојба може да се објасни со народната поговорка: „Брои на бука – сите тука“. Ова е причината зошто ние Македонците се делиме на Грци, Бугари, милитанти на десните или левите албански партии. А патриотизмот лежи во сите срца на Македонците. До кога ќе работиме на ваков начин, а не колективно, за да постигнеме да ги направиме сите Македонци свесни за својот идентитет. Од нас не се бара да лееме крв како некогаш, се бара да работиме одговорно и колективно. Заедно, ние, Македонците во Албанија, може да ги решиме сите наши секојдневни проблеми и може да ја постигнеме нашата посакувана цел. Во услови на чист пропорционален изборен систем да добиеме еден пратеник во албанскиот парламент. Затоа, од денес да размислуваме и да одлучиме за ново функционирање на нашата заедница, на нашата партија, избирајќи како лидери млади луѓе и пообразувани активисти. Доколку ние самите нема да успееме да ги решиме овие предизвици, сметаме дека надлежните органи на Матицата треба да преземат соодветни мерки.

Сега во Албанија заврши пописот на населението. Ние сметаме дека има околу 100.000 Македонци во Албанија. Официјално, до сега нж сметаат за околу 5.000-6000. Верувам дека по објавувањето на резултатите од пописот, ние ќе останеме 3.000-4.000 Македонци. Зошто е тоа така? Албанија нема да го признае македонскиот идентитет на Голо Брдо и Гора.

Со новиот Закон за попис ќе ја изгубат националноста и многу луѓе со македонско потекло, кои од различни причини, во времето на Диктатурата, се запишани како Албанци. Сега, доколку ја сменат националноста ќе бидат казнети со 1.000 евра. Ние како заедница требаше да реагираме против овој Закон, затоа што никогаш нема да имаме вистински податоци за бројноста на нашето малцинство.

***Од Друштво „МЕД“***

## ЗА СМЕЕЊЕ И ЗА....



# НАТО и ЕУ

**(РАЗГОВОР СО СТРИКО НАЈДО...)**



Стрико Нјадо: А бе внуче, да те прашам нешто?...

Внучето: кажи бе стрико Најдо! Што те мачи?

Ех да знаеш колкава мака носам море внуче!... Туку... А бе знам дека оние, челниците на Македонија се лутат и не сакаат што ние Македонците од Албанија да зборуваме за македонските работи. Арно ама, пусто да остани, мене не ми се трпи и ќе си гргорам по мое...

Море стрико зборуваш што сакаш! Кој ќе ти забрани?... Голем пакос ако не му се бендисува на некого!

Еми, така си велам и јас бе внуче и затоа сакав да те опитам од кај е тој пусти НАТО?

А бе стрико, право да ти кажам, точно потеклото не му го знам, само го знам што е роден од вонбрачен брак, од мајка Европејка и од татко Американец. Е сега, аjде најди го од каде му е потеклото?!

Демек вонбрачно дете е?!... Демек копиле е НАТО?!

Еми, така излегува според тоа...

А така, во ликата, како изгледа НАТО бе внуче?

Еми, велат дека изгледа ккао Преспанското Чудовиште, со запрегнати ракави, со раширени нозе, наоружен до заби и стои пред вратата на палатата на таа... на Европската унија, ако си ја слушнал...

Мореее мајката!... А бе таа Европската унија која е бе внуче?

Според постарите кажувања, таа бе стрико Најдо била една оросприја која одеше по државите, се проституираше и му ги береше имотите на народот, особено златото и среброто. А сега, велат дека е сторена модерна проститутка...

Аjде бе!... Ами со тој НАТО што ја врзува таа оросприја? Да не се роднини, некако?

А бе какви роднини бе стрико?! Од кај знаат тие за роднини и пријатели?! Тие се љубовници сега за сега, а потоа... Господ знае...

Како бе внуче „Господ знае„?

Паа Така. Тие се земени со контрато... Привремено... Може да се разделат и утре, доколку му заврши контратото или доколку се наситат...

Морееe внуче, што кажуваш!... Еми, Македонија, што толку опира да влезе во тоа бачило НАТО?!

Македонија си го мами паметот дека НАТО ќе му ги брани лозјата во Кавадарци, булуците овци по Шара од оние пусти арамии. Затоа сака да влези...

Ами, со таа испустената Унија зошто сака да се замеша?

Еми, да не се нажали и да не некако му даде некој златник од оние кои ги грабеше некогаш...

Ааа а а, џабе си троши време Македонија! Дава пара оросприја?!... Таа знае само да дрипи...

Алал да ти е стрико Најдо! Кутрата Македонија си седи пред вратата а НАТО никако не му дозволува да влезе внатре, во куќата на таа пуста Унија. НАТО има дваесетина години по ред што вика: „Назат!... Само назат за Македонија!“

Еми, доколку НАТО се дери „Назат!“ таа нека се сврте повторно и нека му се акне внатре“... Само така има спас!...

***Спасе Мазенковски***

# Разговори помеѓу мажот и жената во Мала Преспа

Мажу, ти си ја имаш чиќитемен! Сатни бе пусти да останиш! Стани сите се на нива, а ти...

Мила, што са вели „чиќитемен“?

Тоа се вели дека ти си ја имаш триампала...

А, што е тоа „триампала“?

Тоа ку рафша-мос у врафша...

Мореее умна жена!... А, што са вели „ку рафша-мос у врафша“?

Ку рафша-мос у врафша са велу: будала са мами-итар са рани...

Мајкатааа, каква глупава итрица си била мори женооо!...

Е aj ти кажи еднаш ти: што са вели „глупава итрица“?

Тоа се вели да ти зборува устата со умот на магарицата...

* * * * * * * * * *

Мажу, зошто велат дека жената и колата не му се даваат на друг, односно на друг маж?

Затоа што другиот може да му напарви дефект, без да води грижа за...

Е, што значи тоа „дефект“?

Тоа значи дека другиот може да е преврте колата во некој трап, во некој канал од брзина што ќе има и да му скрши нешто, да му скине нешто...

А хаа, глупости!... Не знам за колата, поштом не сум била кола некогаш, али, за ко жена!?... Ајде да се кладиме, дајме на некој маж да сакаш, дури и на најакиот во селото и нека ми скрши или нека ми скине нешто ако може! Море нека има брзина колку да сака, нека ме превртe во канали и во најдлабоки трапишта ако сака! Ти давам чесен збор дека ништо нема да ми скрши или да ми скине!...



Да мори да!... Тоа се знае!... Се знае дека чесна жена дава чесен збор али, што да правиш кога ќе падне каменот и ќе ти ги фати нозете?!...

Е, тогаш мажу, мислимуја ти на таа работа!...

* * * * * * * * * *

Мажу, чија е Македонија бе?!...

Еми, според тоа што мене ми фаќа акалот, Македонија треба да биде на Македонците...

Е зошто велиш дека „ Македонија е на Македонците“?

Затоа што Индија е на Индианците, Шулин е на Шулинци, трлото е на овците...Затоа си велам дека Македонија е на Македонците...

Еми, тогаш зошто велат Бугарите, Грците, Србите дека Македонија е нивна а не велат за Индија и за трлото и за овците?

Затоа што Македонија одеше и оди по тоа што пиши Светото Писмо: кога му го локаат едниот образ таа му го врти и другиот...

Ами на СДСМ-овците и на ВМРО-овците што му врти Македонија што се дерат дека е нивна, секој за себе?!...

Еми, од една голема мрша, кога волците ќе се прејадат и ќе налегнат под сенките, ќе дојдат гладните кучиња и секое ќе се мачи да дрпне некое парче за него, од останатото...

***Спасе Мазенковски***

## ЧУДНА ВЕСТ

# Повторно исплива „Преспанското чудовиште“

***И ние со големо задоволство ја покажуваме сликата на која се забележува „Преспанското чудовиште“, како симбол и сведок на древноста на Преспа и Македонија***

Според албанскиот весник од 05.05.2012 година се случило следново:

Двајца млади, момче и девојка, кои биле на одмор покрај Преспанското Езеро на почетокот на месец мај, во делот на Преспа под Грција, еден ден им текнало да се сликаат покрај езерото за на сфондот да се гледаат бистрите води на убавото езеро.

Младите останале вчудоневидени кога го однесле филмт во лабораторија и кога ги извадиле фотографиите. На сликата со сфондот на водите на езерото апаратот имаше фиксирано, позади младите, едно огромно водно животно кое двата млади го нарекле чудовиште. Кога сликата младите ја однесле во Би-би-си, новинарката Брида Дидие направи убава репортажа каде животното на сликата го нарекле „Преспанското чудовиште“ кое им личело на чудовиштето од Лох Нес.

Сакаме или не, веруваме или не во легендите, во преданијата и во приказните кои ги имаме за Преспанското Езеро и за териториите околу него, исто како што се пишуваше и во репортажата на Би-би-си, „Преспанското чудовиште“ си постои во длабочините на езерските води, без да „води“ голема грижа за нас луѓето дали веруваме или не во него. Од 5 мај 2012 година наваму грчките, некои македонски, па дури и повеќе европски визуелни и пишувани медиуми пренесувале слики, пишувале и говореле за ова „Преспанско чудовиште“ кое нж потсетува на некогашните огромни животни кои живееле на овој свет, а денес се наоѓаат само нивните костури.

Според некои стручњаци, самата местоположба на Преспанското Езеро, неговата тектонска оформеност која лежи над варовни масовни карпи чија структура има безбројни големи водени пештери, создава можности за живеење на такви чудовишта и во денешни дни.

Како и да е, тоа огромно водно животно, како и честите уловени риби сомови над 100 килограми и повеќе, како и други водни животни уловени или видени од рибарите и другите посетители на езерските води, кажуваат за големото богатство од животни кое се крие и живее во бистрите води на Преспанското Езеро. Не без причини, македонскиот Цар Самоил ја избра Преспа за македонска престолнина за некое време од неговото царување. И ние со големо задоволство ја покажуваме сликата на која се забележува „Преспанското чудовиште“, како симбол и сведок на древноста на Преспа и Македонија.

***Спасе Мазенковски***

## ПЕСНИ

**ЧЕКАЊЕТО ШТО ЧЕКА**

Искапна чекањето од чекање:
„Ела да се бакнеме под багремот,
Ела да се погледнеме во очи!“
Ми позбори тој глас, далечниот...

И јас е фатив мојата сенка за рака
И тргнавме кон животот, кон врвот
Да ги стопиме мразовите
Кои годините ни ги наметнаа над грбот...

Доста му се криевме на времето
Доста му се криевме на мислите наши
Ние сме само една мала грст прашина
А длабоко, еден оган, во нашите души...

**СПОМЕНИК НА КОПНЕЖОТ**

Кога не си до мене
Лудиот ветер на отсутност
Дува како бесен,
И, еден по еден, ги кине
лисјата на чекањето
Од споменот на копнежот
Заљубен, ко лесен...

Кога не си до мене
Во долините на очите дремат
Елените на желбата,
За да и ние да бидеме таму
Под сенката на споменикот на бакнежот
Кај ледината, над тревата...

***Спасе Танаси***

**ПРЕСПА**

**Издава:** Заедницата на Македонците во Албанија
**Главен и одговорен уредник:** Ефтим Митрески
**Извршен уредник:** Христо Ивановски
**Лектор:** Елеонора Стојкоска
**Компјутерска подготовка:** Гордана Наумовска
**Фотографии:** Архива „Дневник“ и на Редакцијата
**Редакција:** Спасе Мазенковски, Кол Нина, Вита Која, Аднан Кејвани, Крисанда Јанкула, Фоте Никола
**Адреса:** Спасе Мазенковски, с. Леска, Пустец - Корча, Република Албанија
**Тел. за контакт:** 00389 70 912-943, 00389 75 962-611
e-mail: malaprespa@yahoo.com
**Печати:** „Графички центар“ - Скопје
**Спонзор:** Редакцијата на „Дневник“
**Банка:** Популоре Дега Корче - Албаниа
НР. ЛОГ: 000026795,
BANK CODE: 21341010